POZNAŃSKIE STUDIA SLAWISTYCZNE
PSS NR 13/2017 ISSN 2084-3011
**DOI: 10.14746/pss.2017.13.17**

Data przesłania tekstu do redakcji: 23.08.2016
Data przyjęcia tekstu do druku: 03.11.2016

Љупчо С. Ристески
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
Скопје
risteski@ukim.edu.mk

# „Порта Македонија", од псевдокласицизам до споменик на културата, од политичка ритуализација до граѓанска демистификација

Abstract: Risteski Ljupcho S., *„Porta Makedonija", od psevdoklasicizam do spomenik na kulturata, od politička ritualizacija do graǵanska demistifikacija,* ("Arch Macedonia", from Pseudo Classicism to Monument of Culture, from Political Ritualization to Civil Demystification). "Poznańskie Studia Slawistyczne" 13. Poznań 2017. Publishing House of the Pozznań Society for the Advancement of the Arts and Sciences, pp. 279–300. ISSN 2084-3011.

In this paper, we are considering the social aspects of the object "Porta Macedonia" as a part of the project "Skopje 2014", its political and cultural meanings, its symbolic aspects and its reflection on identity policies in contemporary Macedonia. We read buildings and monuments of "Skopje 2014" project as texts, interpret them as symbols recognizing as signs of multilayered ideas and interpretations of the nation under strong political patronage. The text shows how a monument in a very short period creates multiple layers of symbolism which, depending on social contexts, can be read in different ways.

Keywords: Skopje 2014 project; Macedonia; monuments; symbols; nationalism

Општествените истражувачи пишувајќи за просторниот развој и за симболиката на постземјотресно Скопје го нарекуваат „град на солидарноста", поради меѓународниот карактер на визиите за него и нивната реализација. Мијалковиќ и Урбанек во книгата за Скопје, објавена во 2011 година, го нарекоа „светско копиле" (Мијалковиќ, Урбанек, 2011).

Набљудувајќи го и живеејќи го Скопје последниве години човек се прашува дали Скопје е град што бил и останува да биде своевидна **хетеротопија**, место што овоплотува повеќе места истовремено, локација што содржи повеќе слоја и е повеќекомпонентна, место на

конформирани истории, топос што генерира различни значења на сегашноста и секогаш продуцира нови и нови предизвици за интерпретации на неговите содржини.

Ако Скопје во 2010 година од страна на тогашниот градоначалник на Општина Центар, В. Тодоровиќ, беше оценет како „град со сив, соц-реалистички стил" (*Презентиран проектот „Скопје 2014"*), денес некои од истражувачите го нарекуваат „карикатура на европскиот град" (Деипенброк, 2012), а многумина и „балкански дизниленд". Тоа се должи на реализацијата на еден крупен, може да се рече монументалистички проект на Владата на Република Македонија предводена од ВМРОДПМНЕ, популарно наречен „Скопје 2014". Во рамките на овој проект, до средината на 2016 година, се подигнати повеќе од 35 споменици, поставени се околу 40-ина скулптури, изградени се околу 30-ина згради на јавни установи и уште неколку десетини згради се „преоблечени" во нови фасади. Сите погоре спомнати објекти и споменици се наоѓаат во централното градско јадро на Скопје и, речиси сите објекти се изградени во псевдокласицистички или псевдобарокен стил. Досега, според истражувањата на Призма, за реализација на овој проект се потрошени околу 643 милиони евра, средства на граѓаните на РМ (*Скопје 2014 под лупа*).

Како што би можело да се очекува, реализацијата на проектот „Скопје 2014" во македонската јавност отвори многу прашања и дилеми, што соодветно на погоре спомнатото гледање на градот како своевидна хетеротопија, отвори многу предизвици за интерпретација на неговите содржини.

Во овој текст се обидуваме да ги разгледаме општествените аспекти на објектот „Порта Македонија", неговите политички и културни значења, како и симболичките аспекти и неговите рефлексии врз политиките на идентитетите во современа Македонија. Ако тргнеме од ставот на Роџерс Брубејкер (Brubaker, 1996) дека на нацијата треба да се гледа повеќе како на збир од практики отколку како на категорија што треба да се анализира, тогаш целиот проект „Скопје 2014", а во негови рамки и „Порта Македонија", би можеле да се читаат како збир практики, како текстови, да се толкуваат како симболи, да се препознаваат како знаци на повеќеслојноста на идеите и интерпретациите на нацијата. Овие споменици се **политички**

**полиња**, според дефиницијата на Р. Брубејкер, различни локации и содржини каде што националното значење, односно изградбата на нацијата се оспорува, се произведува и се става пред нови предизвици (Brubaker, 1996).

Во текстов ќе се обидеме да покажеме како еден споменик за многу краток период создава повеќе пластови симболика, која во зависност од општествените контексти може да се чита на различни начини (Shein, 2007, 40). Многузначноста на спомениците е директно поврзана со општествената околина и со политичките услови, а нивната содржина може различно да се толкува.

Ако изградбата на спомениците е во функција на изградбата на државата и на нацијата, тогаш се поставува прашањето дали збирот практики и политики на етничкиот национализам може да придонесат за создавање и функционирање на мултикултурна држава и општество или, уште повеќе, граѓанско општество, граѓанска држава и современа граѓанска нација.

„Порта Македонија” е утилитарен објект, издвоен објект на Музејот на македонската борба[1], со простор во внатрешноста за организирање изложби и други културни настани. Најгорниот простор е наменет за разгледување на градот. Веднаш по неговата изградба и ставање во функција, ex lege, поради фактот што е дел на музеј, е прогласен за културно наследство на Република Македонија (*Порта Македонија „шверцувана”*). Тој е изграден во форма на триумфална арка, на фасадата се поставени 32 релјефа на мермер. На едната страна низ релјефи е прикажана културата на Македонија, започнувајќи со релјефни претстави од неолитските култури до претстави на деца со книги во рацете во современа Македонија. На другата страна низ релјефи е прикажана историјата на Македонија, започнувајќи од античка, па сè до независна Македонија. За изградба на „Порта Македонија” Владата потроши 6,25 милони евра на граѓаните на Република Македонија (*Скопје 2014 под лупа*), и тој е еден од најскапите објекти во рамките на проектот „Скопје 2014”.

---

[1] Официјалното име е: Национална установа *„Музеј на македонската борба за државност и самостојност” „Музеј на ВМРО” „Музеј на жртвите од комунистичкиот режим”*. www.mmb.org.mk. (На 20.8.2016 година официјалната страница на музејот не можеше да се отвори).




Фотографија 1. *Порта Македонија*. Фото: Љ. Ристески, 2012 г.

Набљудувајќи го општествениот живот на Порта Македонија од нејзината изградба во 2011 година, па сè до средината на 2016 година кога настана овој текст, може да се следи патот на интензивни контекстуализации и реконтекстуализации, промени на нејзиното симболичко значење што, на крајот на краиштата, претставува слика за процесите што се случуваат пошироко во современото македонско општество.

Порта Македонија од почетокот стана централен објект, место на кое се митизира етничката историја на Македонците, таа е реторички топос (Boyer, 1994, 321), стана место на кое се сакрализираше власта, но по студентските и граѓанските движења и протести што ја зафатија Македонија од 2015 година па наваму, Порта Македонија стана главно место за демистификација на етничките концепти, место за осуда и срамотење на власта и за сакрализација на граѓанството (Михајловски, 2016).

## 1. Порта Македонија – место за митизација на историјата и етничноста

Порта Македонија, најверојатно, по примерот на триумфалните порти изградени низ Европа пред еден век и повеќе, е замислена како централен топос, сублимат што ја заокружува во целост замислата за културната историја на еден народ, избор на репрезентативни настани што се чинат значајни за показ пред другите, контролирајќи го „наративот за актуелните настани, утврдувајќи одредени искуства и интерпретирајќи ги пред генерациите што доаѓаат" (Ivy, 2002, 190).

Така, на 32 релјефа во мермер се прикажани личности и настани што во монументална споменична форма се веќе изградени и поставени на плоштадот Македонија во рамките на истиот проект „Скопје 2014". Таков е случајот со сцените на Александар и Филип II Македонски, со Јустинијан I, со ликовите на светите Кирил и Методиј, светите Климент и Наум, со цар Самуил, Крале Марко, Карпош, мотиви од Илинденското востание и од АСНОМ.




Фотографија 2. *Порта Македонија, северна страна*. Фото: Љ. Ристески, 2012 г.




Фотографија 3. *Претстава на св. Кирил и Методиј, северна страна*. Фото: Љ. Ристески, 2012 г.

## 1.1 Етничките концепти на современата македонска нација

Клучен момент за отпочнувањето на процесот на преобликување на современата македонска нација, секако, претставува создавањето на самостојна македонска држава во 1991 година, кое следеше по распаѓањето на југословенската федерација.

Како клучен елемент во создавањето на концептот за современата македонска држава и нација беше избран етничкиот, наспроти граѓанскиот концепт, кој и по 1991 година го сили и распламтува национализмот и поделеноста на македонското општество, наспроти сè уште толку слабиот и кревок граѓански концепт.

Национализмот, во теоријата и во праксата, се смета за една од најважните алатки на државите во создавањето на идејата за нацијата (Shein, 2007, 36), посебно во државите-нации. Во случајот со

Македонија, кога станува збор за етнички национализам чиј фокус е на засебните етнички заедници што живеат во неа, не може да се рече дека постои силна корелација помеѓу национализмот и идејата за нацијата. Етничноста се поима како наследна работа, растечкиот етнички национализам, во многу инстанци, станува нелиберален национализам, а титуларната етничка заедница – нетолерантна и исклучувачка кон останатите, малцински заедници (Shein, 2007, 11). Така, политиките на етничките заедници, поради различните етнонационалистички интереси, не се фокусирани на создавање единствена идеја за нацијата, што би била директно поврзана со државата.

Со проектот „Скопје 2014” и спомениците што целосно се однесуваат на македонската етничка историја, како и со другите објекти на институции од јавен карактер се посакува ексклузивно да се истакне „македонскиот етнички карактер”, да се велича и да се слави македонското минато, при што повикувањето на политичарите на „македонскиот патриотизам” се чини дека преминува во вулгарен етнички национализам. Ако тука се надоврзат и примерите на албанскиот етнички национализам, да речеме, примерот со плоштадот со спомeникот на Скендербег на спротивната страна на плоштадот Македонија, и сите други етнички национализми на заедниците што живеат во Р Македонија, тогаш е сосема јасно дека тие сите заедно силно влијаат врз структурата и карактерот на македонската држава и нација.

### 1.2 Антиквизација на македонскиот етнички идентитет

Првата асоцијација на прашањето за карактерот на македонскиот етнички идентитет, најверојатно, за многумина е неговото оспорување. Оспорувањето на македонскиот етнички идентитет е константа што трае. Разбирливо, етничките Македонци се многу чувствителни на ваквите сомнежи и оспорувања, кои доаѓаа од различни страни, како однадвор исто така и одвнатре, од партнерите во државата со други етнички припадности.

Сепак, тоа што најмногу интригира денес е проблематизирањето на македонскиот етнички идентитет помеѓу самите Македонци. И овој процес, помалку или повеќе, е отворен и интензивиран по 1991

година, но својата кулминација повеќемина аналитичари сметаат дека ја достигнува последниве години. Во основата на дискусиите за карактеристиките на етничкиот идентитет на Македонците се постави како најзначајно прашањето за потеклото, односно за историскиот континуитет на македонизмот на почвата на Македонија и, се разбира, прашањето за природата на етничкиот карактер на Македонците. На почетокот овие т.н. алтернативни истории со интензивно политичко дејствување и анатемосување на сè што било поврзано со претходниот општествен, политички, културен и економски систем станаа дел од официјалниот историски дискурс.

Прашањето за потеклото на етничките Македонци и нивниот „словенски" и/или „антички карактер" го отпочна и катализира постсоцијалистичкиот процес на преосмислување и предефинирање на македонскиот етнички идентитет (Вангели, 2011; Vangeli, 2011, 13–32). Комплексноста на ова прашање не ни дозволува на ова место да ја шириме дискусијата понатаму, туку ова прашање се поставува тука само за да се укаже на фактот дека поголем дел од случувањата во Р Македонија последниве години, посебно на политичката и на јавната сцена, се поврзани токму со него. Досега, може да се рече дека овој процес кулминира со преточување на стручните и помалку стручните, на јавните и на приватните дискусии, на политичките и на граѓанските дискурси, во проект што сиве овие факти, вистини и невистини, субјективни и објективни мислења, ги пренесува во просторот, на централниот плоштад Македонија, низ практичната реализација на проектот „Скопје 2014". Така, централниот плоштад од отворен се претвори во комеморативен пејзаж на етничкиот идентитет (Foote, Toth, Arvay, 2000, 306) и историјата на Македонците.

## 2. Порта Македонија – место за сакрализација на моќта на власта

Авторот П. Конертон (P. Connerton) зборува за фактот дека во современоста, политичките елити, оперирајќи во општествени контексти во кои моќта систематски се дистрибуира на нееднаков начин, инвестираат во огромни симболички капитали, какви што се

спомениците и ритуализираните настани што се организираат околу нив, со цел да се воспостави когнитивна контрола и директна врска помеѓу политичките структури и симболичките претстави (Connerton, 1989, 50–51). Таквите политички ритуали може да се прочитаат како вид симболички колективен текст. Во секој случај, сите контексти на политичките настани поврзани со спомениците ги покажуваат нивните идеолошки функции (Connerton, 1989, 51). И други автори, разгледувајќи ги врските помеѓу дискурсите, претставите и моќта, забележале дека дискурсите и претставите ги отсликуваат и структурираат релациите на моќта (Barnes, Duncan, 1992, 8).

Општествениот живот на „Порта Македонија” беше предвидено формално да започне за Денот на независноста на РМ, 8 Септември, во 2011 година. Се разбира, овој проект веќе имаше импликации врз македонското општество. Само 7 дена пред празникот, во македонските медиуми беше објавено дека свеченото отворање „заради комплексноста” ќе биде одложено. На 7 септември, ден пред централната прослава на независноста, пред „Порта Македонија” беше промовирана новата празнична униформа на гардистите, оценета во медиумите како „униформа која во себе ги содржи сите воени, историски, општествено-политички и етнолошки карактеристики” (*Гардистите на АРМ*). Во новата празнична униформа 40 гардисти на Армијата на РМ учествуваа во свеченоста на 8 Септември. На 8 Септември централната свеченост започна пред Собранието на РМ, а поворката и државниот врв



Фотографија 4. *Промоција на новите празнични униформи пред Порта Македонија*.
Извор: Гардистите на АРМ во нова, празнична униформа, МИА, 7.08.2011.

на чело со тогашниот премиер на Владата, Никола Груевски, поминаа низ „Порта Македонија" и заедно со сите граѓани што учествуваа на прославата се упатија кон Музејот на македонската борба-Музеј на ВМРО и Музеј на жртвите од фашизмот. Во текот на свеченоста од Собранието беше пренесена Декларацијата за независноста на Македонија до Музејскиот комплекс.

Чинот на одбележувањето на Денот на независноста и поминувањето на празничната поворка низ „Порта Македонија" имаше јасна цел да воспостави директна врска помеѓу овој значаен празник од поновата историја на Македонија со новоизградениот објект.

Второто триумфално поминување низ „Порта Македонија" го направија членовите на македонската кошаркарска репрезентација, по нивното враќање во земјата, откако на Европското првенство во Литванија го постигнаа четвртото место. Покрај спонтаноста на прославата, државниот врв, на пресконференција одржана во Агенцијата за млади и спорт на РМ, објави програма за свечен пречек и одбележување на високото достигнување на македонската кошаркарска репрезентација. На Аеродромот „Александар Велики" околу 5 000 пристигнати граѓани ги дочекаа кошаркарите, а од политичарите, прва ги пречека тогашната министерка за внатрешни работи на РМ, Гордана Јанкуловска. Потоа, поворката со кошаркарите, возејќи се во двокатен туристички автобус, и уште 19 други двокатни автобуси на јавниот превоз тргнаа кон Скопје. По патот, беше испланирано поворката да застане на неколку локации низ градот. Пред комплексот „Банки" на учесниците во прославата им беа поделени навивачки реквизити. На крајот, триумфално поминувајќи низ „Порта Македонија", навивачите и присутните ја започнаа централната прослава на централниот плоштад Македонија, во непосредна близина на споменикот „Воин на коњ". Таму репрезентацијата на Македонија беше пречекана од 100 000 граѓани и целиот државен врв на Републиката: претседателот Ѓорге Иванов, претседателот на Собранието Трајко Вељаноски, премиерот Никола Груевски (Трошановски, 2011).

Четири месеци подоцна, на 6 јануари 2012 година, на православниот Бадник, свечено беше пуштена во употреба „Порта Македонија".

Погоре наведените примери се еклатантен пример за политичка (зло)употреба на спортски настан, големо достигнување на




Фотографија 5. *Македонските кошаркари минуваат низ Порта Македонија*. Извор: Славчо Трошановски, *Од порта на триумфот до порта на отпорот – симболот на Шарената револуција*, "Сакам да кажам за слободоумни", 6 јуни 2016 г., www.sdk.mk.

македонската кошаркарска репрезентација, кое за првпат најголем дел од македонските граѓани го доживеаја како национален успех, кое пак, од друга страна, политичките елити сакаа да го поврзат со друг симболички капитал, кој преку поминувањето низ триумфалната Порта требаше да се слее во единствен симболички контингент. Триумфот на спортистите се изедначи со споменичкиот триумф и триумфот на власта. Прославата како политички ритуал ги содржеше сите составни елементи: перформативен и формализиран јазик, особено на политичарите што говореа таму (Connerton, 1989, 58). Формализмот на ритуалниот јазик има уште поевидентен мнемонички карактер (Connerton, 1989, 59). Овој говор не само што се карактеризира со **канонички паралелизам** туку и со ограничен вокабулар, исфрлање одредени синтаксички форми и фиксност во секвенциите на говорниот акт, со непроменливост на редоследот на говорниот акт, со основни модели на обемот на исказите и со ограничена флексибилност на интонацијата (Connerton, 1989, 60).

Политичките ритуали на величање на повторното појавување или оживување не се монопол на традиционалните општества. Тие се, исто така, моќна компензаторска алатка во современите општества. Новоосмислените политички ритуали претставуваат палијативни мерки, фасади што треба да ги покријат и прикријат целосните импликации од огромна и широко распространета операција на чистење (Connerton, 1989, 64). Процесот на чистење може да опфаќа и да подразбира сѐ што не е во согласност со идеологијата на владејачките сили.

Перформативноста, пак, на настанот беше кодирана преку збир од телесни позиции, гестикулација и движења на учесниците, со акцент на политичарите присутни таму (Connerton, 1989, 59). Соодветните реквизити, исто така, имаат важна улога.

Дел од процесот на политичка контрола на ритуалите има за цел да ги контролира значењата на симболите. Има постојани обиди од елитите на власт да го наметнат разбирањето на прославите така што ќе ги зајакнат своите политички позиции (Bryan, 2000, 7).

Се поставува прашањето: „Зошто е толку важен процесот на ритуализација на политичките настани и на спомениците?”. Истражувачите на ритуалот повеќе години наназад покажале дека постои

директна и несомнена врска помеѓу ритуалот и политичката моќ. Низ безброј примери е веќе докажано дека ритуалот создава чувства на солидарност помеѓу групите, особено кога за тоа не постои консензус, а обезбедува и политички легитимитет и „«го обликува разбирањето на луѓето» на политичкиот универзум” (Kertzer, 1988, 14). Ритуалните активности обезбедуваат објектификација на политиката содржана и инвестирана во симболите, кажано со зборовите на Бурдје, во културен или симболички капитал (Bourdieu, 1990, 111–118), кој ја овозможува, ја одржува или одбива легитимизацијата на заедниците.

Доколку ритуалот ја легитимизира политичката моќ, поради што се користи од страна на оние што ја имаат моќта, тогаш Брајан се прашува зошто токму оние што немаат политичка моќ учествуваат во него (Bryan, 2000, 20). Чувството на припадност кон заедницата е, според Брајан, најверојатно клучниот фактор за учество на обезмоќените во политичките ритуали. Се разбира, нагласува тој, дека овој процес не е толку едноставен, туку напротив комплексен, повеќеслоен и бара постојано приспособување и преговарање од страна на политичките елити и сите други. Во овие ритуали, политичките елити мора да земат во обѕир некои од елементите и симболите што имаат силно значење за останатиот дел од заедницата и да ги реконтекстуализираат во новите околности (Bryan, 2000, 21). Резултатите од овие процеси, иако станува збор за релативно краток период, се забележливи. Стекнатиот симболички капитал на триумфот беше употребен во моментите кога требаше да се одбрани она што граѓанските активисти сакаа да го демистификуваат. Еве како провладиниот портал „Курир”, повикувајќи се токму на вредностите на гореспомнатиот симболички капитал, го толкува боењето на Портата:

> Најголемата опозициска партија и нејзините поддржувачи и соросови платеници ја скврнават портата низ која спортистите беа дочекани како херои. Во 2011та година, (…) Македонија ги дочека хероите од Литванија кои остварија историски успех и го освоија 4тото место на Евробаскетот. Македонската нација тогаш сплотена како едно ги дочека македонските кошаркари, кои со двокатен автобус минаа низ триумфалната капија, која стана симбол на успехот на нашите спортски репрезентации (*СДСМ ја скврнави портата*).

Веднаш по првите боења на Портата од страна на демонстрантите, порталот Вести.мк, под наслов „Нормалната страна на Македонија”,

информира за „група жени [што] самоорганизирани ја чистат Порта Македонија од гадостите на ботовите!” (*Нормалната страна на Македонија*, Вести.мк, 11.05.2016). Овој настан, исто така, може да се толкува како симболичко чистење на сакралниот објект и простор од нечистотијата на профаните граѓански концепти, кои вообичаено се етикетирани како „изроди”. „Од дедо Ное оваа мајка Македонија раѓала чеда македонски, ама изроди како овие што фарбаат споменици не родила до сега” (*Нормалната страна на Македонија*).

## 3. Порта Македонија – место за демистификација на етничкиот национализам и моќта на власта и за сакрализација на граѓанскиот национализам

Проектот „Скопје 2014” предизвика разни чувства, активности и размислувања. Покрај официјалниот наратив на власта за реализацијата на овој проект, од почетокот имаше граѓани, интелектуалци, студенти, опозициски партии, граѓански здуженија што не се согласуваа ниту со формалноправните аспекти на неговата реализација ниту со неговите содржини. На почетокот од неговата реализација, во 2009 година реагираа студентите по архитектура, организирани во „Архи-бригада”, кои тогаш беа напаѓани од традиционалистичките поддржувачи на партиите на власт (*Прва Архи-бригада*).

Една од главните забелешки на јавноста во однос на овој проект беше нетранспарентниот однос при неговата реализација и непостоењето јавна дебата и можност да се спротивстават гледиштата на пошироката јавност и на потесната стручна јавност во однос на содржините на овој проект. Сепак, оттогаш се напишани и објавени повеќе текстови што реферираат на импликациите што овој проект ги има врз современото македонско општество. Критичките трудови укажуваат на ниските урбанистички и архитектонско-уметнички вредности на содржините, а општествените аналитичари покажуваат дека овој проект влијае, главно лошо, врз стабилноста на етничкиот идентитет на Македонците, а истовремено е исклучително дезинтегрирачки во изградбата на современата македонска нација без етнични предзнаци.

Незадоволството од општествено-политичката ситуација во Македонија се интензивираше со започнувањето на студентските протести и на протестите на средношколците во земјата, кон крајот на 2014 година и во текот на пролетта 2015 година Иако овие протести главно беа иницирани од лошите реформи во образованието, тие се одразија врз зајакнувањето на капацитетите на граѓанското критичко мислење и активизам. Кон вжештувањето на политичката атмосфера придонесе и објавувањето на медиумските бомби на опозициската СДСМ, чијшто партиски лидер Зоран Заев објавуваше во јавноста материјали од прислушувани разговори на политичките елити на власт, од што произлегоа дополнителни сомнежи за коруптивни и нечесни активности на политичарите. По објавувањето на аболицијата на педесетина политичари од страна на претседателот на државата Ѓорге Иванов, во април 2016 година, во Македонија се случија најмасовните граѓански протести од осамостојувањето до денес.

Во овие протести „Порта Македонија" повторно стана централен топос, место од каде што се испраќаа сите пораки на протестантите. Ценејќи ја важноста на симболиката што „Порта Македонија" ја има, граѓанските здруженија и граѓаните што не се согласуваат со постапките на власта, обединети под паролата „протестирам" се впуштија во трансформирање на симболиката и значењата што оваа Порта ги имаше, изразувајќи ги сопствените ставови спрема проектот „Скопје 2014", спрема власта и целокупната општествено-политичка ситуација во Р. Македонија.

„Еве ви го триумфот" – извикуваа неколкуте илјади демонстранти пред „Порта Македонија" на 16 април 2016 година поради колективното помилување на педесетина политичари од страна на претседателот на државата Ѓорге Иванов.

Со цел целосно да ја дерогираат одлуката за колективна аболиција на претседателот, протестантите ја извикуваа паролата „Нема правда, нема мир" сметајќи дека оваа одлука целосно го урниса владеењето на правото во Македонија.

За миг, „Портата Македонија" стана „Порта на отпорот", а на неа учесниците на протестите испишаа неколку пароли: „Смрт на фашизмот, слобода за народот", „Слобода наместо страв" и „Грабеж" (*Триумфалната порта повторно гаѓана*).

Како една од главните форми на изразување на незадоволството спрема власта и на целосно отфрлање на содржините на проектот „Скопје 2014” е избрано боењето, односно фрлањето разни бои врз објектите. Многу набрзо граѓанското движење и протестите во Македонија беа наречени „Шарена револуција”. Една од најважните симболики на ова движење е „славењето на различностите”, што најексплицитно беше искажано во сентенцијата „Шарената револуција ќе ја обои македонската партократија” во текст на Игор Мицковски (Мицковски, Мкд, 14.06.2016).




Фотографија 6. *Порта Македонија, обоена*. Фото: Љ. Ристески, 2016 г.

Во текот на неколкумесечните, секојдневни протести од април до јули 2016 година „Порта Македонија" и просторот пред Специјалното јавно обвинителство станаа главните топоси за израз на ставовите на демонстрантите. „Немај страв, имај став" е една од пораките за поддршка до Специјалното обвинителство, кое беше формирано во Македонија со цел да се испитаат сомнителните постапки на сите вклучени страни во снимените разговори што беа обелоденети пред јавноста. „Порта Македонија", пак, во исто време стана „Порта на срамот" и „Порта на отпорот". Тука учесниците на протестите ги испишуваа и искажуваа своите ставови сакајќи јавно да ја етикетираат власта за нејзините нетранспарентни и коруптивни постапки. Друг ден напишаа „Слобода наместо страв" и „Liri" (на албански 'слобода').




Фотографија 7. *Пораки на Шарената револуција*. Фото: Љ. Ристески, 2016 г.




Фотографија 8. *Пораки на Шарената револуција*. Фото: Љ. Ристески, 2016 г.

„Шарената револуција" или граѓанското движење „Протестирам" се дел од фокусот на размислувањата и анализите на мислители, интелектуалци, активисти во Македонија и пошироко. Анализите за овие општествени движења се случуваат во тек, а поради можностите на современото живеење, лесното објавување на интернет, тие стануваат многу брзо дел од пошироката македонска јавност. На почетокот, Златко Теодосиевски во своите размислувања „шарената револуција" ја дефинира како „едноставна реакција на ... лоши политики, криминал, корупција, сиромаштија. (…) Граѓански протест ? (…) Политичко движење? (…) Револуција (па нека е и шарена)? (…) Народно движење? (…) со изразени (и) политички, (и) социјални, (и) културни… барања"

(*Што е шарената револуција?*, 10.06.2016, Теодосиевски). Меѓутоа, во натамошните анализи тој гледа на „Шарената револуција" како на нешто повисоко од прост збир на наведените нешта, како на историски феномен невиден во досегашната македонска историја, преседан што одбележува едно време и ќе служи како показ за идните генерации.

> Сакам оваа 'Шарена револуција' да ја согледам во нејзината полност, со сите пропратни активности што и' даваат посебен и специфичен шарм и ја профилираат како нешто надполитичко, надграѓанско, наднародно … А тоа може да биде само културен односно уметнички чин, кој што според досегашните појави може да се дефинира како низа на акции и перформанси, обединети во еден голем културен хепенинг со историски димензии! (Теодосиевски, 2016).

Општествените истражувачи (Gerlach, 2014), следејќи ги политичките случувања од 2000 година наваму, особено во евроазиските постсоцијалистички земји, се обидуваат да ги разберат, дефинираат и да ги објаснат настаните во кои илјадници граѓани протестираат против политичките елити на власт, барајќи минимални услови за демократија: слободни и фер избори. Со заедничко име овие настани популарно се наречени „шарени револуции". Дијагностицирајќи ги причините што довеле до ова, истражувачите се, речиси, едногласни дека станува збор за разочарување од политиките и слабото граѓанско општество (Howard, 2003).

Градејќи го својот истражувачки и аналитички пристап низ истражување на осум студии на случај на т.н. шарени револуции во периодот од 2000 до 2012 година во Србија, Грузија, Украина, Киргистан, Ерменија, Азербејџан, Белорусија и Русија, Јулија Герлах (Julia Gerlach) забележува дека станува збор за земји што споделуваат варијации социјалистичко минато, но исто така и варијации политички промени што се случија по 1989–1991 година, а кои не успеаја да доведат до целосна демократија и европска интеграција. Така, шарената револуција стана феномен што, главно, се појавува во земјите во транзиција, кои споделуваат релативно слични економски и политички окружувања, а како главен образец се појавува „крадењето избори". Во овој долготраен период на транзиција, главна карактеристика е политичката стагнација, автократското владеење, придружено со исклучително низок степен на учество на јавноста во политичките

случувања (Gerlach, 2014, 28). Авторите што пишуваат за граѓанското општество во овие земји го идентификуваат повеќе како мртво отколку живо (Howard, 2003).

Без разлика на тоа дали разгледуваните примери „шарени револуции” се успешни или неуспешни во промената на власта, Ј. Герлах нуди неколку можни решенија за разбирање на значењата на овие општествени движења. Првото разбирање, најблиско до нашите видувања, во најширок контекст, подразбира **транзиција кон демократија**, односно *демократизација* на општеството. Овој процес подразбира јакнење на капацитетите на опозициските сили, на граѓанското општество и на младинските движења, кои стануваат критичка маса и коректив на секоја идна власт. Оттука, резултатите од овие процеси не може да се проценуваат само врз основа на промената на власта, туку тие треба да се оценуваат подолгорочно, согледувајќи ги промените што се случуваат во поширокиот општествено-политички, економски и културен контекст.

## 4. Заклучок

Во овој текст се разгледуваат општествените аспекти на објектот „Порта Македонија” и пошироко на проектот „Скопје 2014”, неговите политички и културни значења, како и симболичките аспекти и нивните рефлексии врз политиките на идентитетите во современа Македонија.

Во текстот покажуваме како еден споменик за многу краток период создава повеќе пластови симболика, која во зависност од општествените контексти може да се чита на различни начини (Shein, 2007, 40). Многузначноста на спомениците е директно поврзана со општествената околина и со политичките услови, а нивната содржина може различно да се толкува.

Порта Македонија од почетокот стана централен објект, место на кое се митизира етничката историја на Македонците, таа е реторички топос (Boyer, 1994, 321). Паралелно со овој процес, таа стана место на кое се сакрализираше власта, беа (зло)употребени значајни спортски настани за воспоставување врска со друг симболички капитал, со споменичкиот триумф и триумфот на власта. По студентските

и граѓанските движења и протести што ја зафатија Македонија од 2015 година па наваму, Порта Македонија стана главно место за демистификација на етничките концепти, место за осуда и срамотење на власта и за сакрализација на граѓанството.

## Извори

*Гардистите на АРМ во нова, празнична униформа*. МИА. 7.08.2011. http://www.idividi.com.mk/vesti/makedonija/708952/. 20.08.2016.

*Додека власта го третира „Скопје 2014" како културно наследство, вистинските историски артефакти ни пропаѓаат!* Разговор со Донка Барџиева-Трајковска. „Фокус", 12.02.2014. http://fokus.mk/dodeka-vlasta-go-tretira-skopje-2014-kako-kulturno-nasledstvo-vistinskite-istoriski-artefakti-ni-propagaat/. 20.08.2016.

*Народот слави на плоштад со своите јунаци*. „Утрински весник", 19.09.2011. http://www.utrinski.mk/?ItemID=7F2FB7E68BDC3F4DB0D431E6C05FF0EA. 22.08.2016.

*Нормалната страна на Македонија: Група жени самоорганизирани ја чистат Порта Македонија од гадостите на ботовите!* „Вести.мк", 11.05.2016. http://vesti.mk/read/news/9046084/3245078/normalnata-strana-na-makedonija-grupa-zheni-samoorganizirani-ja-chistat-porta-makedonija-od-gadostite-na-botovite. 23.08.2016.

*Од порта на триумфот до порта на отпорот – симболот на Шарената револуција*. „Сакам да кажам за слободоумни", 6.06.2016. http://sdk.mk/index.php/makedonija/od-porta-na-triumfot-do-porta-na-otporot-simbolot-na-sharenata-revolutsija/. 20.08.2016.

*Порта Македонија „шверцувана" како културно историско наследство?*. Извор: Слободен печат. Окно.мк. 26.04.2016. http://okno.mk/node/55361. 20.09.2016.

*Прва Архи-бригада против ЅИДОТ НА КИЧОТ*. Окно.мк. 04.03.2010, http://okno.mk/node/4726. 23.08.2016.

*Презентиран проектот „Скопје 2014"*. Идивиди. 04.02.2010, http://www.idividi.com.mk/vesti/makedonija/578522/. 23.08.2016.

*Свечено отворање на „Порта Македонија"*. Веблокација на Министерството за култура на РМ. 12.01.2012. http://www.kultura.gov.mk/index.php/foto-galerii/384-sveceno-otvoranje-na-porta-makedonija. 22.08.2016.

*СДСМ ја скверневи портата низ која спортистите беа дочекани како херои*. „Курир", 18.04.2016. http://kurir.mk/makedonija/vesti/sdsm-ja-skvernavi-portata-niz-koja-sportistite-bea-dochekani-kako-heroi/. 23.08.2016.

*Скопје 2014 под лупа*. База на податоци за згради, фасади, скулптури, споменици, фонтани и други видови објекти финансирани од јавни пари, кои го

сочинуваат новиот лик на Скопје. Проект за истражувачко новинарство и соработка помеѓу медиумите и граѓанскиот сектор – Програма на УСАИД за зајакнување на независните медиуми во Македонија. http://skopje2014.prizma.birn.eu.com/. 19.08.2016.

*Триумфалната порта повторно гаѓана со боја*. Радио Слободна Европа. 16.04.2016. http://www.slobodnaevropa.mk/a/27678980.html. 22.08.2016.

*Целата македонска историја на Порта Македонија*. „Вечер”, 04.12.2011. http://vecer.mk/makedonija/cela-makedonska-istorija-na-porta-makedonija. 22.08.2016.

## Литература

Вангели, А. (2011). *Античка сегашност. Осврт кон грчко-македонскиот спор за Александровото наследство*. Скопје: Темплум.

Деипенброк, Л. (2012). *Скопје 2014: Карикатура на европскиот град*. Окно.мк. 15.03.2012. http://okno.mk/node/17870. 23.08.2016.

Мицковски, И. (2016). *Шарената револуција ќе ја обои македонската партократија*. 14.06. http://www.mkd.mk/kolumni/sharenata-revolucija-kje-ja-oboi-makedonskata-partokratija. 14.06.2016.

Мијалковиќ, М., Урбанек, К. (2011). *Скопје светското копиле. Архитектурата на поделениот град*. Скопје: Готен.

Михајловски, Г. (2016). *Од порта на триумфот до порта на отпорот – симболом на шарената револиција*. „Сакамда кажам за слободоумни”, 06.06. www.sdk.mk. 23.08.2016.

Теодосиевски, З. (2016). *Историски културен хепенинг, или што е „Шарената револуција“?* 12.06. https://teodosievskiumetnost.wordpress.com/2016/06/12/. 22.08.2016.

Трошановски, С., (2011). *Едно срце имаме, за Македонија*. „Вечер”, 19.09. http://vecer.mk/makedonija/edno-srce-imame-za-makedonija. 22.08.2016.

Barnes, T.J., Duncan, J.S. (ред.) (1992). *Writing worlds: discourse, text and metaphor in the representation of landscape*. London–New York: Routledge.

Bourdieu, P. (1990). *The Logic of Practice*. Stanford: University Press.

Boyer, M.C. (1994). *The City of Collective Memory: Its Historical Imagery and Architectural Entertainment*. Cambridge: MIT Press.

Brubaker, R. (1996). *Nationalism Reframed: Nationhood and the National Question in the New Europe*. Cambridge: University Press.

Bryan, D. (2000). *Orange Parades: The Politics of Ritual, Tradition and Control*. London: Pluto Press.

Connerton, P. (1989). *How Societies Remember*. Cambridge: University Press.

Foote, K.E., Toth, A., Arvay, A. (2000). *Hungary after 1989: Inscribing a New Past on Place*. „Geographical Review”, vol. 90(3), Jul, стр. 301–334.

Gerlach, J. (2014). *Color Revolutions in Eurasia*. Springer.

Howard, M.M. (2003). *The weakness of civil society in post-communist Europe*. Cambridge: University Press.
Ivy, R. (2002). *Memorials, Monuments, and Meaning*, „Architectural Record Magazine", vol. 190(7), стр. 84.
Karpovich, O., Manoilo, A. (2015). *Color Revolutions: Techniques in Breaking Down Modern Political Regimes*. Bloomington: AuthorHouse.
Kertzer, D.Y. (1988). *Ritual, Politics and Power*. Yale: University Press.
Shein, A. (2007). *Monuments As A National Practice: The Dilemmas Of Liberal Nationalism*. [Ph.D. Manuscript]. University of Maryland.
Vangeli, A. (2011), *Nation-building ancient Macedonian style: the origins and the effects of the socalled antiquization in Macedonia*. „Nationalities Papers. The Journal of Nationalism and Ethnicity", vol. 39(1), стр. 13–32.